Службено лице: Сашо Секуловски
Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад Пресвета Богородица бр. 3
1000, Скопје
Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup
Примено / E pranuar: 10-12-2020

| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| --- | --- | --- | --- |
| 09/83 | 5138 | 1 | |


# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Јас, долупотпишаниот, Тефик Махмут, со живеалиште на улица "Овчеполска" бр.71, Шуто Оризари, 1000 Скопје, имајќи го во предвид највисокиот правен акт во државата, Уставот на Република Северна Македонија, кој кој меѓу другото гарантира соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа, како и Декларацијата за Интеграција на Ромите во Рамки на Процесот на Проширување на ЕУ и нејзиното залагање за зголемување на бројот на вработени Роми во јавниот сектор, **врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Вас ги барам следните информации од јавен карактер**:

- Колку вработени од ромска етничка група фигурираат во вашето ресорно министерство? Ве молам наведете го бројот и по можност секторите во рамки на кои фигурираат овие вработени.

- Колку од истите вработени се на раководни позиции во рамки на вашето ресорно министерство? Ве молам наведете го бројот и раководните позиции доколку ги има.

- Колку од вкупниот број на вашите вработени од ромска етничка група се со постојано живеалиште во Шуто Оризари, како единствената ромска општина каде се наоѓа мнозинството на ромскиот електорат?



- Дали имате Роми од Шуто Оризари кои работат на некои од раководните позиции во вашето ресорно министерство? Доколку да, ве молам наведете ги позициите.

- Доколку нема Роми од Шуто Оризари кои работат на раководни позиции во вашето ресорно министерство, Ве молам наведете ја причината поради истото.

- Дали се промени бројот на вработени Роми во јавниот сектор по потпишување на Декларацијата за Интеграција на Ромите во Рамки на Процесот на Проширување на ЕУ? Доколку да, ве молам наведете го бројот или процентот.

  Доколку е возможно, ве молам поделете ги во две групи, вработени со постојано живеалиште во Шуто Оризари vis-à-vis вработени со постојано живеалиште надвор од Шуто Оризари.

- Законот за вработените во јавниот сектор меѓу другото бара институциите да подготват годишни планови, односно Методологија за планирање на вработувањата, аплицирајќи го принципот на правична и соодветна застапеност.

  Оттука, Ве молам наведете ги вашите планови за вработување на Роми во текот на следната календарска година? Колку работни позиции се планирани и дали истите планови за вработување во вашето ресорно министерство инкорпорираат раководни позиции? Доколку да, ве молам наведете ги истите.

- Дали Методологијата за планирање на вработувањата ја разликува потребата за вработување (претставена во проценти) на различни категории на позиции (раководни и нераководни) или само се потпира на вкупниот број вработени по институција?

  Доколку се потпира само на вкупниот број на вработени по институција, дали сметате дека истата Методологија треба да ги има во предвид и



различните категории на позиции (раководни и нераководни) за да се овозможи правична и соодветна застапеност на немнозинските заедници, особено на Ромите во Република Северна Македонија?

Онаму каде што побараните информации не се достапни, ве молиме тоа да го наведете заедно со причината за недостапноста на истите.

Институциите имаат законска обврска за воспоставување на задолжителен Регистер за вработените во јавниот сектор, кој меѓу гругото ја инкорпорира и категоријата "припадност на заедница", врз основа на тоа, бараните информации за вработените од ромска етничка група спаѓаат под законска обврска и истите треба да се поседуваат во рамки на вашето ресорно министерство.

Однапред ви благодариме за доставување на потребните информации ***по пошта*** или на ***електронски начин*** во рамки на законските прописи и рокови регулирани со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/2019).

Ви благодариме на соработката.

Датум, Место: 07.12.2020, Скопје.

Со почит,

Тефик Махмут
"Овчеполска" бр.71
1000, Скопје
Република Северна Македонија
Емаил: tefik.mahmut@outlook.com ; tefik.mahmut@oxfordalumni.org

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Арх.бр. 04-5266/1

Дата. 21.12.2020

До: Тефик Махмут
Ул. Овчеполска бр. 71, Шуто Оризари,
1000 Скопје
Врска наш број: 04-5138/1 од 10.12.2020

Предмет: Одговор на Барање на информација од јавен карактер

Почитуван,

Во врска со бараната информација од јавен карактер Ве информираме дека во Министерството за животна средина и просторно планирање имаме само 1(еден) вработен од ромска етничка група на кој местото му е во моментов во мирување и е распореден во Секторот за Европска Унија.

Со почит,

Државен секретар
Каја Шукова

Изготвил:Ирена Голубовска
Контролирал:Мисрете Едипи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk